Коалиција Сите за правично судење

# Легитимност на судирот на интереси

Јули, 2021

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**
Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Легитимност на судирот на интереси**

Коалиција „Сите за правично судење“ ја истакнува својата загриженост за постапувањето на судечкиот совет во предметот под референтен број КОК-57/17 со кодно име „Топлик“ во однос на вештачењето предложено од страна на јавното обвинителство како доказ во постапката.

За овој предмет беше покренато обвинение од страна на поранешното Специјално јавно обвинителство (СЈО) според кое обвинетите се теретат дека постапиле спротивно на Законот за јавни набавки со тоа што избрале понудувач за купување и располагање со државно земјиште за изградба на елитниот комплекс „Сончев град“ во Сопиште, иако фирмата не ги исполнувала условите за тоа. Јавниот обвинител со листата на докази при поднесување на обвинителниот акт за овој предмет предложи вештачење кое што беше изготвено од страна на вештак кој во моментот на изготвување на вештиот наод и мислење бил со истечена лиценца. На рочиштето одржано на 28.02.2020 година, во Основниот кривичен суд во Скопје, од страна на одбраната на обвинетите беше поднесен приговор на вештачењето предложено од страна на застапникот на обвинението дека истото не треба да биде изведено како доказ бидејќи вештакот во време на изготвување на вештиот наод и мислење немал валидна лиценца, како и поради тоа што вештачењето било направено без присуство на обвинетите и нивните бранители. По однос на приговорот даден од одбраната, судечкиот совет донесе решение со кое одби да биде изведено вештачењето предложено од страна на јавниот обвинител бидејќи судот смета дека истото претставува незаконит доказ со оглед на фактот што вештото лице во моментот на изготвување на вештачењето немало лиценца, односно истата била истечена.

На рочиштето кое се одржа на 10.06.2021 година, јавниот обвинител пред судечкиот совет образложи предлог со кој побара од судот истиот да издаде наредба за да се изготви ново вештачење со оглед на тоа што лиценцата на вештакот во овој момент е валидна и нема никаква пречка вештачењето да биде изготвено одново. По советување, претседателот на судечкиот совет ги извести странките дека предлогот на јавниот обвинител кој го застапува предметот се прифаќа и судот ќе издаде наредба за изготвување на нов вешт наод и мислење од страна на истиот вештак кој го изготвил претходното неприфатено вештачење.



Ваквото постапување на судечкиот совет освен што не е целосно во корелација со одредбите од Законот за кривичната постапка во делот на надлежностите за начинот на кој судот може да издаде наредба за вештачење, истото влијае и на непристрасното водење на постапката. Од аспект на начелото на непристрасно водење на судската постапка, судот има обврска да остане и ја задржи улогата на независен арбитар во постапката, при што не смее да зазема страна во текот на истата, односно судот е должен да гарантира еднаков натпревар помеѓу странките во постапката без притоа да биде оставен впечаток кај јавноста дека на една или друга страна во постапка помага да се докаже теоријата на случај која странката ја застапува. Дополнителна дилема која се отвара по повод ова прашање е „вонредно“ брзата подготовка на новото вештачење од страна на вештото лице, кое што впрочем, како што беше посочено на денешното рочиште и од самиот суд, е идентично како и претходното.

Законот за кривичната постапка ги предвидува точните околности под кои судот може да издаде наредба за вештачење во текот на постапката. Конкретно, ова е уредено во чл.236 ст.3, каде е предвидено декана главна расправа, судот може да издаде наредба за вештачење согласно членот 394 ст.2 од овој закон. Во овој член пак, членот 394 од ЗКП децидно е наведено дека судот може да издаде наредба за

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

супервештачење кога доказната постапка е во фаза на дополнение, што не е апликативно во овој случај, бидејќи конкретниот предмет се наоѓа во фаза на изведување на докази од страна на одбраната на обвинетите.

Она што дополнително остава „дамка" на водењето на оваа кривична постапка, а во насока на повреда на правото на фер и правично судење согласно меѓународните стандарди со кои им се гарантира правото на обвинетите во текот на судењето да ги уживаат сите права согласно Уставот, законите и меѓународните конвенции, е фактот што согласно закон, предвидено е дека судот може да издаде наредба за вештачење на начин што вештакот го определува по електронски пат, со примена на правилото на **„случаен избор"** од регистарот на вештаци, во присуство на двете странки, односно на јавниот обвинител и бранителот. Што овде не е случај, бидејќи новото вештачење е изготвено од страна на истото вешто лице определено од страна на судот.

Дополнително, во поткрепа на погорниот став е и фактот дека коментарот на Законот за кривичната постапка појаснува дека за судот да може да издаде наредба за супервештачење, потребно е да има изготвено вештачење со наредба од страна на јавниот обвинител и стручно мислење од страна на техничкиот советник на одбраната дадено на главна расправа преку непосредно испитување на странките, што повторно не е случај во овој предмет, со оглед дека во истиот нема спротивставени вештачења бидејќи вештиот наод и мислење предложен од страна на јавниот обвинител не беше изведен на главната расправа како доказ за поткрепа на обвинението[1,] Она што е доставено како доказ од аспект на вештачења во конкретниот предмет е предложено вештачење од страна на одбраната на обвинетите,кое е прифатено од судот да биде изведено со иницијалната листата на докази. Покрај тоа, целата оваа динамика на дејствија поврзани со вештачењето отвара дополнително прашање кое адресира евентуален судир на интерес на страна на вештото лице. Имено, вештото лице кое го има изготвено претходното (неприфатено) вештачење, а кое е задолжено повторно да го изврши вештачењето со наредба на судот, е лице кое е актуелен директор на Агенцијата за катастар на недвижности (АКН). Меѓутоа, согласно член 25 од Законот за катастарот на недвижности „Вработениот во Агенцијата не смее да врши никаква друга функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со извршувањето на неговите работни обврски." Што значи, имајќи ги предвид овие околности, моменталниот директор на АКН, согласно одредбите предвидени во погорецитираниот закон, не би смеел да спроведе вештачење додека ја обавува оваа функција. Во оваа насока, и од страна на Државната комисија за спречување на корупција е донесено мислење во кое се наведува дека доколку конкретното вешто лице прифати да го изготви ова вештачење и за истото е предвидена награда согласно чл.29 ст.1 од Законот за вештачење, ќе постапи спротивно на чл.44 ст.6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Со оглед на ваквото постапување на судот во овој предмет, Коалиција „Сите за правично судење" апелира истиот со должно внимание да се придржува и ги почитува начелата на објективност, непристрасност, но и начелото на еднаквост на оружјата, како не би се довеле во прашање правата на обвинетите лица во постапката, поврзани со принципот на фер и правично судење.**

[1] Калаџиев Г., Лажетиќ Г., Неделкова Л., Денковска М., Тромбева М., Витларов Т., Јанкуловска П., Кадиев Д., Коментар на Законот за кривична постапка, ОБСЕ, Скопје, 2018 г



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје